# ГРАФОМЕТРИКС

ГРАФОМЕТРИКС е редовна публикација на Finance Think што содржи важни тековни информации за домашната, регионалната и светската економија претставени низ графички прикази.

ГОДИНА 5, БРОЈ 2

## ФОКУС

• Во третиот квартал од 2017, економијата се зголеми за 0.2% споредено со истиот квартал од 2016. Бруто инвестициите и градежништвото се намалија за 9.4% и 11.6% соодветно. Личната потрошувачка останува да биде значаен носител на растот во овој период. На производната страна, преработувачката индустрија и градежништвото забележуваат знајачни падови од 5.8% и 11.6%, соодветно.

• Паралелно на ваквите движења на економијата, стапката на невработност покажува понатамошно пркосно намалување од 0.5 процентни поени, до 22.1%, кое и понатаму главно се должи на исцрпувањето на ефектите од вработувањата во фабриките кои веќе беа воспоставени во економијата.

• Оттука, Finance Think ја задржува проекцијата за растот на БДП за 2017 на 0.8%, со нагласен ризик од нејзино преценување. Според сегашните економски движења и изгледите за движењата во следниот период, растот на БДП за 2018 година се проектира на 3.1%.

FINANCE THINK OUT OF THE BOX

**Finance Think** е непрофитен институт за економски истражувања и политики.

**Нашата Визија**

Да поттикнеме економско размислување за подобра благосостојба утре.

**Нашата Мисија**

Да ја намалиме сиромаштијата, да ги зајакнеме макро-финансиските политики и да ја унапредиме финансиската стабилност преку економски истражувања, советување и препораки за економските политики и поттикнување критичка дебата за економските процеси

Ул. Фредерик Шопен1/2,
1000 Скопје
+389 2 6156 168
www.financethink.mk
info@financethink.mk

## Буџетски ефекти од потенцијално воведување прогресивен данок на доход




*Извор: Пресметки на Finance Think врз база на Модел на даноци и користи*

Резултатите покажуваат дека буџетските ефекти од потенцијалното прогресивно оданочување **би биле релативно мали** и на годишно ниво би се движеле помеѓу 30 и 37 милиони евра дополнително прибран персонален данок од доход, што претставува помеѓу 10,8% и 13,1% од вкупно прибраниот персонален данок од доход. Притоа, овие пресметки не го земаат предвид ефектот од потенцијално зголемување на **даночната евазија.**




*Извор: Државен завод за статистика. Визуелизација на Finance Think*

Во 2014, пред почетокот на домашната политичка криза, недоволната домашна и странска побарувачка беа клучни проблеми што го ограничуваа водењето бизнис во земјава. И недостигот од квалификувана работна сила, што е последица на зголеменото иселување и на зголемената побарувачка за работници завзеде високо место во ограничувачките фактори. Во јуни 2017, по завршувањето на домашната политичка криза, состојбата не е значително сменета, освен во делот на неизвесното економско окружување кое е зголемено поради ефектите од таа криза, како и во делот на недостигот од квалификуваните работници, проблем кој дополнително се продлабочува.




*Извор: World Economic Outlook Database, April 2017, визуализација на Finance Think*

Последните проекции на ММФ говорат дека, освен Црна Гора, сите останати земји на Западен Балкан би имале позитивен и стабилен раст на БДП во следните три години. Генерално, растот ќе биде воден од нето извозот, умерениот фискален стимул и зголемената домашна побарувачка водена од зголемените плати во дел од овие земји Ризиците како политичка несигурност, безбедност и зголемување на задолжувањето на странски пазари остануваат главен предизвик за овие земји.




*Извор: Deloitte Tax guides and highlights, визуализација на Finance Think*

Во Македонија, Србија и БиХ има рамен, додека во Албанија Црна Гора и Косово прогресивен персонален данок на доход. Во Албанија и Косово, лицата со најниски примања се ослободени од плаќање на овој данок, додека лицата со највисоки примања плаќаат 13% и 10% соодветно. Највисок корпоративен данок плаќаат бизнисите што се водат на територија на Србија, 15%, а најнизок оние во Црна Гора, 9%. Во останатите 4 земји на Западен Балкан бизнис-секторот издвојува 10% од остварената добивка на име на овој данок.

# ПЕНЗИОНЕРСКИ СТ(Р)АВ




Скоро 43 лица од 100 лица во Македонија би биле сиромашни ако ги немало пензиите, социјалната помош како и дознаките. Кога би биле вклучени пензиите, социјалната помош и дознаките стапката на сиромаштија паѓа на 27%. Околу 45% од испитаните пензионери не би се откажале од зголемувањето на пензијата ако тоа означува помладите генерации да не се иселуваат или ако тоа им гарантира работа или повисоко-платена работа. Генерално, помладите пензионери и пензионерите со повисоки пензии имаат поголема тенденција да се откажат од зголемување на пензиите во бенефит за младите генерации.

Funded by UK Government

Овој производ е подготвен во рамки на проектот "FISCAST+: Фискалната транспарентност и одговорност ги подобрува политиките во областите на квалитет на живот, образование и здравство" финансистан од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во овоаа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.